МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Број 4 Година XIX

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, март 2025

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за доделување финансиска помош на семејствата на настраданите граѓани во пожарот во Општина Кочани**

1. Се објавува Одлука за доделување финансиска помош на семејствата на настраданите граѓани во пожарот во Општина Кочани, донесена на шеесет и трета (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 март 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

Број: 11-3049/1
Датум:21.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024) Советот на Општина Карпош, на 63. (вонредна) седница, одржана на 20 март 2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## **за доделување финансиска помош на семејствата на настраданите граѓани во пожарот во Општина Кочани**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош доделува солидарна финансиска помош во износ од 1.000.000,00 (еденмилион) денари на семејствата на настраданите граѓани во пожарот во Општина Кочани.

**Член 2**

Финансиските средствата од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2025 година а ќе се уплатат на посебна наменска сметка на Црвен крст на Република Северна Македонија - фонд за солидарност.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе одлуката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-2966/3**
**Датум 20.03.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, донесена на шеесет и трета (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 март 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-3049/2**
**Датум:21.03.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 32 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), а во врска со член 33 од Законот за Буџети („Службен весник на РМ“ бр. 64/2005,/2008, 103/08, 156/09, 95/10,181/11,171/12 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19,53/21,77/21, 151/21, 173/22,170/24 и 37/25), Советот на општина Карпош на 63. (вонредна)седница, одржана на 20 март 2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Карпош за 2025 година на следниов начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА | | | | | |
| 412110 Постојана резерва | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ЕОО ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | | |
| 464990 Други трансфери | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година.

**Број 09-2966/4**
**Датум 20.03.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

СОДРЖИНА

1. Одлука за доделување финансиска помош на семејствата на настраданите граѓани во пожарот во Општина Кочани, со Решение за објавување
2. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци